Marie Skłodowska-Curie Actions 30 years Curiosity that changes the world

Funded by the European Union

CHOOSE SCIENCE
Science shines in every star

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ЈАВЕН ПОВИК

## Натпревар за фотографии, ликовни дела и постери

## „Градот каков што е – Градот каков што би можел да биде“

Во склоп на проектот GREENSTRARS (проект за промоција на науката, истражувањето и иновациите), Универзитетот „Гоце Делчев“ распишува Јавен повик за учество на креативен натпревар за средношколци и студенти на тема:

**„Градот каков што е – Градот каков што би можел да биде“**

Целта на натпреварот е да се поттикнат младинската креативност, критичкото размислување и активното согледување на предизвиците и можностите за развој на современиот град. Преку своите дела, учесниците ќе можат да ја претстават сопствената визија за урбаниот развој, јавниот простор, животната средина, културата и иднината на градот.

## Кој може да учествува?

Право на учество имаат сите средношколци и студенти.

## Категории

Учесниците можат да конкурираат во една или повеќе од следните категории:

**Фотографија**

Прифатливи се фотографии направени со аналогна фотографска постапка или со уреди со дигитален сензор. Секое дело мора да биде визуелен запис на реална светлина, регистриран од авторот по оптички пат преку објектив. Целосно или делумно генерирани слики со вештачка интелигенција (AI) се строго забранети.

Фотографиите се доставуваат независно, отпечатени на хартија/картон, во колор или црно-бела техника, без паспарту.

**Ликовни дела**

Во оваа категорија се прифаќаат цртежи и слики. Дозволени се сите цртачки и сликарски (акварел, гваш, акрил, масло и сл.) техники.

**Постер**

Во категоријата *Постер* учесниците треба преку креативен и визуелно впечатлив постер да ја претстават својата визија за градот денес и можностите за негов развој во иднина. Постерот може да обработува теми поврзани со урбаното планирање, архитектурата, јавните простори, зелените површини, одржливата мобилност, животната средина, културното наследство, инклузивноста и квалитетот на живот во градот. Постерите можат да бидат изработени со користење на графички дизајн, фотографија, илустрација, колаж, дигитална уметност или комбинација од повеќе визуелни техники.

## Услови за учество

- Секој учесник учествува индивидуално и може да поднесе најмногу 4 труда.
- Трудовите мора да бидат оригинални и авторски.

## Формат за поднесување

### Фотографија

Максималните димензии на фотографиите се во рамките на **А3+ формат (приближно 33 x 48 cm)**. Вообичаената големина е со димензии каде што **пократката страна мора да изнесува минимум 30 cm** (на пример: 30 x 30 cm, 30 x 40 cm, 30 x 45 cm).

**Исклучок:** Кај издолжените формати (како 9:16 и сл.) е дозволено пократката страна да биде **помала од 30 cm**, под услов подолгата страна да изнесува **минимум 45 cm** (на пример: 25 x 45 cm). Трудовите се доставуваат независно, само како чист принт (без паспарту).

### Ликовни дела

Цртежите треба да бидат во **димензија А3**, додека димензиите на сликите да бидат **не помали од А3 (30 x 42 cm), а не поголеми од 50 x 70 cm**.

### Постер

Постерот треба да биде печатен со **димензии 70 x 100 cm (вертикално).** Треба да биде визуелно силен, но и јасно концептуален. Да ги содржи следните елементи: **главна порака/концепт** (јасна идеја што ја прикажува разликата или врската помеѓу „сегашниот град“ и „идниот град“ и една силна централна тема (на пр. зелени градови, сообраќај, загадување, јавен простор, паметен град), **визуелен контраст** („Град каков што е“ (реална состојба – проблеми, густина, хаос, загадување) наспроти „Град каков што би можел да биде“ (визија – зелено, одржливо, уредено, хумано)), к**омпозиција** (Баланс помеѓу текст и слика (да не доминира текстот) и Јасна хиерархија: наслов → визуелна порака → детали), к**раток текст** (објаснување на идејата (до 100–150 зборови) и слоган или клучна порака (пр. „Паметен град за подобар живот“)), **дизајнерски елементи** (типографија што е читлива и современа, боја што ја поддржува идејата (на пр. сиво/хаотично vs зелено/чисто) и илустрации, фотографии, колаж или дигитална обработка) и т**ехничка јасност** (висока резолуција (300 dpi) , формат 70/100, чист и професионален изглед).

## Пријава

Пријавата треба да содржи:

- име и презиме;
- училиште/година или факултет/студиска програма;
- контакт телефон и e-mail;
- краток опис на трудот (до 150 зборови).

## Критериуми за оценување

Жири-комисијата ќе ги вреднува пристигнатите трудови според четири критериуми соодветни за секое дело.

**Фотографија**

1. **Одговор на темата и наративност:** Силата на прикаазната и пораката која фотографијата ја пренесува за урбаниот развој и животот во градот.
2. **Оригиналност и авторски поглед:** Свеж и автентичен пристап кој излегува од рамките на класичните разгледници и клишеа.
3. **Композиција и визуелна естетика:** Успешно кадрирање, геометрија, рамнотежа и користење на плановите во просторот.
4. **Техничка реализација:** Квалитет на светлината, експозицијата и прецизноста во реализацијата на финалниот изложбен принт.

**Ликовни дела**

1. Поврзаност со темата и јасност на пораката.
2. Креативност и оригиналност на идејата.
3. Ликовен израз и композиција.
4. Техничка изведба и владеење со избраната техника.

**Постер**

1. **Идеја и поврзаност со темата**: Колку јасно е прикажана темата „Градот каков што е – Градот каков што би можел да биде“ и оригиналност на идејата.
2. **Креативност:** Интересен и креативен пристап, како и впечатлив визуелен израз.
3. **Визуелна јасност:** Дали постерот е лесен за разбирање и дали е добра комбинација на слика и текст.
4. **Дизајн:** Боја, композиција и читливост, како и општ естетски изглед на постерот.

## Награди

Ќе бидат доделени следните награди за средношколци:

- Награда за најдобра фотографија
- Награда за најдобро уметничко дело
- Награда за најдобар постер.

Ќе бидат доделени следните награди за студенти:

- Награда за најдобра фотографија
- Награда за најдобро уметничко дело
- Награда за најдобар постер.

## Рок за пријавување

Краен рок за поднесување на трудови: **10.9.2026 година.**

## Начин на пријавување

Трудовите се испраќаат на: **ул. Гоце Делчев 89, Кампус 2, Штип, со назнака: Деканат на Факултет за информатика, „За натпревар – Градот каков што е – Градот каков што би можел да биде“.**

## Изложба и прогласување на победниците

Сите добиени трудови ќе бидат изложени на **25 септември 2026 година** во склоп на настанот **„Европска ноќ на истражувачи“,** а на настанот ќе бидат прогласени и победниците од двете категории: средношколци и студенти.

Со учеството на натпреварот, учесниците се согласуваат нивните трудови да бидат користени за промотивни и изложбени цели, со задолжително наведување на авторството. За првонаградените автори од сите 6 категории, Универзитетот ќе им ги откупи авторските права со хонорар во износ од 100 евра во денарска противвредност.